**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден бр.82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 273
факс: 02/ 3 207 523

**ДО:**
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Управа за животна средина**
**Сектор за природа**
**Плоштад Пресвета Богородица бр.3**
**1000 Скопје**

**Наш број:** 17 - 10055
29.01.2021 год
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено E pranuar | 02-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
| 11 | 455/2 | | |

**Предмет : Доставување документација**

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме електронска верзија од ревидираната Студија за ревалоризација на природните вредности на заштитеното подрачје Споменик на природата „Кањон Матка" со дигитални фајлови за зонирањето на просторот, испратена до Град Скопје по електронски пат од страна на претставникот на изготвувачот на истата.

Во ревидираната студија се направени дополнителни измени во зонирањето, со тоа што во зоната заштитен појас додаден е уште еден дел како внатрешен заштитен појас којшто во вид на тампон со широчина од 5 метри се протега од манастирот Св. Никола па на исток према месностите Горно Цуле и Козарево и при тоа во одредени делови минува низ зоната за активно управување и зоната за строга заштита. Овој внатрешен заштитен појас всушност претставува постојна пешачка патека која води од браната на ХЕ Матка према Водно и која се користи од страна на планинари и други љубители на природата. Површината на овој дополнителен внатерешен заштитен појас изнесува 0,65 хектари и со овие измени сегашната површина на заштитниот појас изнесува 13,05 хектари. Со вградувањето на дополнителниот внатрешен заштитен појас, направени се и измени на податоците кои се однесуваат на површините на зоните, додека поради поголема прегледност на приказот на површината на зоните и нивна процентуална застапеност изработена е посебна табела. Во текстуалниот дел е **нагласено дека надворешниот заштитен појас не влегува во границите на заштитеното подрачје.** Поради појасен приказ на наведеното, во картата на предлогот на нови граници на заштита на СП „Кањон Матка", границата на заштиеното подрачје е изразена со попрецизно изразена гранична линија а исто така направена е измена и во контрастот на бои на заштитните зони.

Сегашната површина на заштиеното подрачје „Кањон Матка" иснесува 5006,4 хектари.

Со почит,

Изготвил:
Слаѓана Георгиевска

По овластување на Градоначалник
раководител на Сектор

Никола Јовановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), и член 94 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 27/14, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) Советот на Град Скопје на педесет и деветтата седница одржана на 9 декември 2020 година, утврди

**П Р Е Д Л О Г**
**за прогласување на заштитениот локалитет „ Кањон Матка“**
**за споменик на природата**

1. Советот на Град Скопје му предлага на Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе постапка за ревалоризација и прогласување на заштитениот локалитет на подрачјето на Град Скопје „Кањон Матка“ за споменик на природата, согласно Студија за ревалоризација на природните вредности на заштитеното подрачје споменик на природата „Кањон Матка“, изготвена 2010 година и извршената ревизија на Студија за ревалоризација на локалитетот Матка, во чии рамки е извршено зонирање на просторот од 2020 година.

2. Предлогот да се достави до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Број 27- 9638 /1
09 декември 2020 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р Љубица Јанчева prof.dr Ljubica Janceva

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Северна Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë së Veriut
tel: +389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169